Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-510/3
Датум: 26-09-2024

По претставката бр. 08 – 510/1 од 11.07.2024 година, поднесена од [redacted] во име на [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги врз основа на религија и верско уверување, политичка припадност, ментална и телеска попреченост, семејна или брачна состојба и имотен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.09.2024 години го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

### За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 510/1 од 11.07.2024 година, поднесена Игор Илиевски во име на [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги врз основа на религија и верско уверување, политичка припадност, ментална и телеска попреченост, семејна или брачна состојба и имотен статус **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа на правосудство и управа и пристап до добра и услуги врз основа на религија и верско уверување, политичка припадност, ментална и телеска попреченост, семејна или брачна состојба и имотен статус, од страна на поднесена [redacted] во име на [redacted] против [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: **податоци за подносителот (име и презиме, адреса и потпис), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што содржината на поднесената претставка беше целосно нејасна, Комисијата на 18.07.2024 година до подносителот испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08 – 510/2 на адресата наведена во претставката. Согласно член 24,

став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација со истото **го задолжи подносителот да ја доуреди претставката во насока што ќе го конкретизира поводот за поднесување на претставката (фактичката состојба), односно ќе наведе со кои конкретни дејствија потенцијалните дискриминатори извршиле дискриминација. Дополнително, подносителот беше известен дека доколку ја поднесува претставката во име на неговата сопруга, потребно е да достави нејзина согласност.**

Писменото Барање за доуредување на претставката со поштенската повратница беше вратено во Комисијата, со поштенска назнака „не побарал“. Од таа причина Комисијата направи втор обид за достава на наведената адреса од страна на подносителот, по што поштата повторно беше вратена со истата назнака.

Поради наведеното, како и фактот што поднесената претставка е целосно нејасна и не ги содржи елементите предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 510/1 од 11.07.2024 година поради неуредност.

Скопје
25.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk